За инсп.



**Ип. 1 бр. 57-8**
**Датум: 7.2.2020 г.**

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, преку Сабина Синан, главен инспектор со службена легитимација број 001, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор, Национална установа Музеј – Куманово, со деловно седиште на ул. , Куманово, застапувано од вршител на должноста директор – со ЕМБГ: , и со Записник Ип. 1 бр. 57-8 од 4.2.2020 година ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 85 точка 1 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), а во врска со член 44 став (3) од Законот за музеите („Сл. весник на РМ" бр. 66/2004, 89/2008, 116/10, 51/11, 88/15 и 152/15), го донесе следново

## РЕШЕНИЕ

1) СЕ НАРЕДУВА на Националната установа Музеј – Куманово да ги отстрани неправилностите утврдени во Записникот од извршен редовен инспекциски надзор Ип. 1 бр. 57-8 од 4.2.2020 година, и тоа:

1.1. Основната музејска евиденција да се води на начин пропишан со членовите 2 и 3 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезната книга, картотеката и другите видови музејска евиденција и музејска документација (**во натамошниот текст: Правилникот**), преку соодветна компјутерска програма, а во согласност со член 20 ставови (1) и (2) од Законот за музеите.

1.2. За постојните записи од основната музејска евиденција да се направат исписи на хартија, на листови, коишто треба да се заверат со потпис на овластеното лице и печат на Музејот во согласност со член 2 став (2) од Правилникот, а листовите да се подврзат во тврдо укоричени музејски книги под услов и начин утврден со член 3 став (1) од истиот Правилник, а во врска со член 20 ставови (1) и (2) од Законот за музеите.

1.3. Стручната обработка на целокупниот музејски материјал да се врши во рок од две години од денот на неговото запишување во влезната книга до денот на неговото евидентирање во книгата на инвентар во согласност со член 20 став (5) од Законот за музеите.



Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

1.4. Музејските материјали и музејските предмети што не се во сопственост на Музејот, да се евидентираат во дополнителната музејска евиденција – Книгата за чување на музејските материјали што не се во сопственост на музејот, во којашто, во согласност со членовите 18 и 19 од Правилникот, се впишуваат податоци за материјалите и предметите што од страна на сопственикот или друго ополномоштено лице се предадени на Музејот со цел привремено или трајно чување.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точката 1 од ова решение изнесува 30 дена од приемот на Решението.

3) Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 од ова решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

## О б р а з л о ж е н и е

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, врз основа на член 44 став (3) од Законот за музеите, преку Сабина Синан, главен инспектор со службена легитимација број 001, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор, Национална установа Музеј – Куманово, со деловно седиште на ул. Куманово, застапувано од вршител на должноста директор – со ЕМБГ: , и состави Записник Ип. 1 бр. 57-8 од 4.2.2020 г. година, во кој е констатирано:

Основната музејска евиденција не се води во целост на начин пропишан со членовите 2 и 3 од Правилникот и член 20 ставови (1) и (2) од Законот за музеите, при што за ниту еден запис од основната музејска евиденција не се направени исписи на хартија, на листови, коишто треба да се заверат со потпис на овластеното лице и печат на Музејот во согласност со член 2 став (2) од Правилникот, а листовите да се подврзат во тврдо укоричени музејски книги под услов и начин утврден со член 3 став (1) од истиот Правилник. Стручната обработка на одреден музејски материјал не е извршена во рок од две години од денот на неговото запишување во влезната книга до денот на неговото евидентирање во книгата на инвентар во согласност со член 20 став (5) од Законот

за музеите. Музејските материјали и музејските предмети што не се во сопственост на Музејот, не се евидентираат во дополнителната музејска евиденција – Книгата за чување на музејските материјали што не се во сопственост на музејот во согласност со членовите 18 и 19 од Правилникот.

Врз основа на изнесеното, одлучено е како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Решено во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура под број Ип. 1 бр. 57-8 од 7.2.2020 година.

Главен инспектор
со службена легитимација број 001,
С. Синан
Сабина Синан


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk